РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-33
20.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на претставка за програмска содржина на РТС Свет, реемитувана од Македонски Телеком**

Почитуван,

Во врска со Вашиот допис (наш арх. бр. УПП 03-33, од 25.12.2025 г.) кој се однесува на емисијата „Временска капсула" емитувана на српскиот програмски сервис РТС Свет реемитуван од операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком, во кој наведувате дека содржината на емисијата го негира постоењето на македонскиот народ, јазик и култура и промовира идеолошки позиции со елементи на дискриминација и нетрпеливост, и барате реакција од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве известуваме за следното:

- Согласно член 3 точка 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), реемитување е јавна електронска комуникациска услуга која ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и претставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина.
- Според член 143 став 2 од ЗААВМУ, оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави на територијата на Република Северна Македонија врз основа на договор за уредување на авторското право и сродните права, согласно со прописите за авторското право и сродните права.
- Во согласност со членовите 44 и 45 од ЗААВМУ, се гарантира слободата на прием и реемитување на аудио или аудиовизуелните медиумски услуги од државите членки на Европската унија и другите европски држави потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа на територијата на Република Северна Македонија. По исклучок, доколку се исполнети условите утврдени во член 45, Агенцијата може да преземе соодветни мерки со кои времено ќе ја ограничи слободата на прием, односно реемитување ако давателот на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга под јурисдикција на друга држава, отворено, сериозно и тешко ги повредува одредбите од член 48 (посебни забрани) и член 50 (содржини што можат да им нанесат штета на малолетните лица) од овој Закон, или ги доведува во прашање јавното здравје и јавната безбедност или претставува сериозен и тежок ризик да ги доведе во прашање јавното здравје и јавната безбедност, вклучувајќи ги и заштитата на националната безбедност и одбрана.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

- Операторот Македонски Телеком има договор за реемитување на програмата на РТС Свет, со времетраење на договорот до 31.08.2027 година, врз чија основа е издадена потврда за регистрација од наша страна бр.11-88 од 28.02.2023 година и со тоа овој програмски сервис е дел од програмскиот пакет на Македонски Телеком.
- Македонски Телеком, како оператор, согласно член 3 точка 18 од ЗААВМУ, го реемитува сервисот во целост и без модификација и нема уредничка одговорност за содржината на конкретната емисија емитувана на РТС Свет.
- Со увид во емисијата „Временска капсула“ констатиравме дека станува збор за документарна програма која се занимава со споменици на културата што авторите ги претставуваат како „средновековно српско културно наследство“. Во конкретната епизода, на која се однесува претставката, станува збор за споменици во надлежност на Македонска православна црква — Охридска архиепископија и на Националниот конзерваторски центар – Скопје, чии претставници се појавуваат како учесници во емисијата.
- Агенцијата нема мандат да ги толкува историските интерпретации содржани во емисијата, односно има надлежност, како што претходно посочивме, само доколку станува збор за отворена, сериозна и тешка повреда на одредбите од член 48 и член 50 од ЗААВМУ, кои членови во конкретниот случај не се прекршени.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**